20250861891

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за надзор на пазарот, што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2356/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

Член 1

Во Законот за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ број 48/10 и 79/13), во член 4 во точката ж) зборовите: „Државниот инспекторат за техничка инспекција“ се заменуваат со зборовите: „Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 2

Во член 6 во ставот 1 по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Во ставот 2 по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 3

Во член 7 во ставот (4) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 4

Во член 8 во ставот (4) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 5

Во член 9 во ставот (2) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Во ставот (3) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 6

Во член 12 во ставот (2) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 7

Во член 14 во ставот (1)  по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Во ставот (2) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Во ставот (5) по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд”.

Член 8

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.